РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ДЕЛЧЕВО

| Примено: | 14. 11. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 2360/1 | | |


# ЗАПИСНИК

од одржан буџетски форум

На ден 14.11.2022 (понеделник) во мултифункционалната сала во Спомен- дом АСНОМ, Делчево со почеток во 11.00 часот со присуството на жителите, претставниците од месните и урбаните заедници, здруженијата на граѓани, бизнис - зедницата и претставниците на институциите се одржа првата форумска сесија за креирање на буџетот на Општина Делчево.

Форумот го отвори Советникот за протокол на Градоначалникот и односи со јавноста во Општина Делчево, Даниела Такева со следниве зборови:

Почитувани,

Најпрво, ви се заблагодарувам на присуството и, воедно, ви посакувам добредојде на овој форум. Форумите се едни од најзначајните алатки и овозможуваат учество на граѓаните во развојот на заедницата на локално ниво и ова е можност да се слушнат предлозите на граѓаните и активно да учествуваат во креирање на буџетот на Општина Делчево за 2023 г.Како алатка и во време на пандемија организиравме зум-форуми, редовно на веб-страницата се пуштаат анкетни прашалници или прашалници директно до месните и урбаните заедници. За подготовка на овој форум, на веб-страницата беше активен анкетен прашалник за собирање предлози за креирање на буџетот за 2023 година. Согласно со планираната агенда за овој настан, денеска ќе бидат презентирани: Нацрт –буџетот на Општина Делчево за 2023 г, актуелните и планираните проекти, исто така ќе ве информираме и за резултатите од јавната анкета. На почетокот сакам да ги поздравам и да се заблагодарам и на присуството на колегите, претставници и раководители на одделенија и сектори во Општина Делчево, а воедно и на градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски кој е и главен иницијатор на овие активности кои одат во насока на поттикнување на граѓанското учество при носење одлуки, посебно во процесот на креирање на Буџетот. Јас не би сакала да должам повеќе, за да не одземаме време, би го повикала градоначалникот Трајковски да го отвори форумот.

По отворањето на настанот од страна на Даниела Такева, на пристутните им се обрати Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски со следниов говор:

Почитувани,

Сакам да ви се заблагодарам на присуството на овој форум, на вашиот интерес, заедно и во партнерство, да ги креираме приоритетите за реализација за наредната година и по ваш терк да го креираме Буџетот на Општината за наредната 2023. Ова не е прв ваков форум, и претходно сме барале ваши мислења и ваше присуство, и во услови на пандемија, одржавме и зум-форум и, секако, согласно со можностите на општината, бараме соодветни начини и алатки, да го слушнеме вашиот глас. За мене како градоначалник е многу важно партнерството меѓу граѓаните и Општината, граѓанското

учество во сите сфери од живеењето, бидејќи ние сме овде за вас, работиме во ваш интерес, а , секако, на општината, главната улога е сервис на граѓаните. Сведоци сте дека во изминатите изградивме многу и решивме децениски проблеми,одговоривме на вашите приоритети: изградивме капела, пешачки мост, во полн ек е изградбата на пречистителна станица за вода за пиење и реконструкцијата на водоводната мрежа и замена на старата дотраена азбестна инсталација со нова пвц- инсталација со што го решаваме проблемот со квалитетот на водата за пиење; во завршна фаза е изградбата на новиот современ градски пазар; паралелно градиме и реконструираме улици; знаете дека прв пат асфалт доби населбата Басарица и многу други проекти. И, сакам да истакнам дека сме целосно посветени и мотивирани да одговориме на вашите приоритети. Свесен сум дека има уште доста нерешени проблеми, но тука сме да ги решаваме. Затоа сме тука и јас и одговорните лица од Општината по одделенија, да го слушнеме вашиот глас. Во Буџетот за наредната година предвидуваме и средства за реализација на најразлични програми, како програмата од областа на заштита на животната средина, од областа на културата, програма за односи со јавноста и промоција на општината, предвидуваме средства и за реализација на годишната програма за родова еднаквост. Планираме средства за поддршка на граѓанските и спортските здруженија и сл. Јас не би сакал да должам повеќе, за актуелните проекти ќе слушнете од Одделението за урбанизам, а тука сум да одговарам на прашања и заедно да ги разгледаме приоритети и условите и можностите за нивна реализација.
Ви посакувам успешна работа!

Откако заврши обраќањето на Градоначалникот, Даниела Такева согласно предвидената агенда и даде збор на Анка Христова, Раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање со имотот на општината, да го образложи и презентира Нацрт-буџетот за 2023 на Општина Делчево.
Во своето образлагање на нацрт-буџетот, Анка Христова наведе дека согласно Законот за буџети, буџетот на општината претставува годишен план на приходи и други приливи, и одобрени средства, и истиот се состои од општ, посебен и развоен дел. Општиот дел ги содржи билансот на приходи и билансот на расходи кои се во буџетска рамнотежа. Во посебниот дел се планираат одобрените расходи поодделно по програми и потпрограми. Во развојниот дел се планираат програмите за развој кои се составен дел на Буџетот на Општината. Вкупниот Буџет на Општина Делчево за 2023 година е планиран во вкупен износ од 290.000.000 денари од кои капиталните расходи во вкупниот буџет се планирани во износ од 85.000.000 денари (29%), а тековно-оперативни расходи во износ од 205.000.000 денари (71%). Основниот буџет е планиран во износ од 110.000.000 денари од кои пак капиталните расходи се во износ од 53.000.000 денари (48%), а тековно оперативните расходи се планирани во износ од 57.000.000 денари (52%). Во структурата на Буџетот, основниот буџет изнесува 38% или 110.000.000 денари, наменските дотации 160.000.000 денари (55%), донации 8.000.000 денари (3%) и самофинансирањето изнесува 12.000.000 денари(4%). Во структурата на основниот буџет влегуваат: даночни приходи 39.000.000 денари (35%), неданочни приходи 2.000.000 денари (2%), трансфери 64.000.000 денари (58%) и капитални приходи 5.000.000 денари (5%). Во даночни приходи влегуваат: персонален данок 3.300.000 ден.(8%), даноци на имот 14.000.000 ден.(36%), даноци на спец. услуги 21.000.000 ден.(54%) и дозволи за

вршење на дејност 700.000 ден.(2%). Во капитални расходи во основниот буџет влегуваат купување опрема и машини 500.000 ден. (1%), други градежни објекти 50.000.000 ден. (94%) и надомест за одземен имот 2.500.000 ден. (5%) денари или се вкупно во износ од 53.000.000 денари. Согласно ова најголем процент од капитални расходи се наменети за други градежни објекти во кои влегуваат

-Изградба на дел од ул.„Орце Николов" заедно со изградба на краци на истата улица-3.760.000ден. (во должина од 370 метри);

-Изградба на краци од ул.„Света Троица" и „Драмечка" 1.162.000 (во должина од 280 м.);

-Рехабилитација на земјоделски пат Долни бавчи 1.860.000 ден.(во должина од 1000м.);

-Рехабилитација на земјоделски пат Средни бавчи 1.000.000 ден. (во должина од 1000м.);

-Изградба на улица во с.Стамер 880.000 ден.( во должина од 100м.);

-Реконструкција на ул.„Ванчо Прќе"- 2.632.000 ден. (во должина од 250м.);

-Реконструкција на локален пат с.Стамер-5.750.000 ден.(во должина од 1.400 м.);

-Изградба на патна инфраструктура околу градскиот пазар-6.000.000 денари(во должина од 320м.);

-Изградба на улица со краци во с.Звегор 220м.(1.150.000д.);

-Изградба на потпорен ѕид на дел од улица „Острец" –900.000 ден.(со пристапна патека во должина од 33 метри);

-Реконструкција на водовод на ул.„Ванчо Прќе", „Солунска" и „Острец" 3.000.000 ден. (во должина од 808 м.);

-Изградба на детска градинка во нас.Стар Расадник во износ од околу 50.000.000 ден., (средства од МТСП, со наше учество од 5%, или околу 2.500.000 денари);

Исто така планирани се средства во Буџетот и за изгрдаба на скејт парк, други помали потпорни ѕидови, детски игралишта и други објекти.

Освен расходите за градежни проекти, во Буџетот на Општина Делчево за заштита на животната средина се предвидени и расходи за

- Проекти поврзани со климатски промени (поплави, клизишта, наводнување);
- Одржување на др.зелени површини;
- Продолжување со регулација на р.Брегалница.

Во делот на социјалната заштита во буџетот се предвидени средства за:

-Капитални расходи за детска градинка во нас. Расадник;

-Еднократна парична помош;

-Помош за новороденчиња и

-Помош за згрижувачко семејство.

По образлагањето на Анка Христова, следуваше презентација од страна на Николина Петровска Мавродиева, Виш соработник за сообраќај и патишта во Општина Делчево, којашто ги презентираше на актуелните и реализираните проекти во Општина Делчево и притоа ги наведе следниве:

Реализирани проекти

1.Изградени се улиците Грозданец, дел од улица 3 и изведена е реконструкција со доградба на ул.Маршал Тито;

2.Реконструкција на дел од ул.Острец, и изградба на дел од улица Селничка и пристапна улица на Кеј на Брегалница;

3.Изградба на дел од локалниот пат Л1 Делчево – Тработивиште и рехабилитација на земјоделски пат во с.Вирче (завршување на траса);
4.Фонтана „Бесконечност“, обновување на зеленилото и партерно уредување на градскиот парк;
5. Реконструкција на водоводен цевковод крак 4 во локалитет Старо Делчево во должина од 400м;
6.Чистење на депониите во општина Делчево и поставување на контејнери за стакло;
7. Редовно одржување на хоризонталната сигнализација.

Проекти во завршна фаза на реализација во Општина Делчево за 2022 година
1.Изградба на Градски пазар прва и втора фаза со партерно уредување;
2.Реконструкција на фасада и санитарни јазли на ООУ Ванчо Прке и адаптација на поткровје на ООУ Св.Климент Охридски;
3.Поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците Орце Николов, Скопска, Острец, Вера Јоциќ, Маршал Тито, улица 3 и улица 4 и локалниот пат Делчево – Тработивиште.

Тековни проекти кои се реализираат во Општина Делчево
1.Изградба на пречистителна станица, административна зграда и фотоволтаична централа преку проектот Водоснабдување на Делчево;
2.Замена на 90 светилки со ЛЕД светилки на уличното осветлување во општина Делчево – МСИП2 ГРАНТ;
3.Изградба на нова детска градинка во населба Стар расадник -во фаза на тендерирање;
4.Реконструкција на дел од водоводна дистрибутивна мрежа во градот Делчево, зона Милково Брдо, Ново делчево и потисен цевковод.

Планирани проекти за реализација во 2023:

1. Реконструкција на азбестна водоводна мрежа на ул.Ванчо Прке, Солунска и Острец во должина од 808м;
2. Изградба на краци од ул.Драмечка и ул. Света Троица;
3. Изградба на улица Орце Николов 160м и краци од 210м во локалитет Шумски расадник;
4. Реконструкција на улица Ванчо Прке 250м;
5. Изработка на нов ГУП за Делчево;
6. Рехабилитација на земјоделски пат Долни бавчи 1000м;
7. Реконструкција на земјоделски пат Средни бавчи во должина од 1000м;
8. Реконструкција на општински пат кон с.Стамер - 1400м;
9. Изградба на потпорен ѕид на ул.Острец - 33м;
10. Изградба на патна инфраструктура околу новиот Градски пазар – 330м;
11. Изградба на улиците 3, 5 и 6 во нас.Пролет – 500м;
12. Изградба на Скејт парк (АМС);
13. Изградба на улици во с.Звегор 220м;
14. Одржување на земјени коловози на општински патишта и пристапи.

Проекти за кои е обезбедена техничка документација:

1. Проект за регулација на река Брегалница (возводно во должина од 500м);
2. Проект за регулација на река Брегалница (низводно во должина од 500, 32м);
3. Проект за регулација на река Габровчица 600м;
4. Реконструкција на пристапен пат од с.Тработивиште до Свети Води;
5. Довршување на реконструкција на ул.Македонска;
6. Изградба на улица Разловечка – лев крак;
7. Изградба на ул.2 и 4 во Сервисна зона;
8. Изградба на фекална и атмосферска канализација на дел од населба Пролет;
9. Изградба на улица во село Стамер;
10. Изградба на улица во село Вирче;
11. Реконструкција на ул.Велко Влаховиќ;
12. Реконструкција на Пере Тошев;
13. Изградба на улица Голачка;
14. Изградба на дел од општински пат Л-18 (делница Пасјак – Балабанци);
15. Довршување на делница од локален пат кон Димовска маала – с.Драмче;
16. Реконструкција на влез, влезен хол и мала сала со сцена и галерија во Спомен Дом АСНОМ Делчево.

Откако заврши презентацијата на тековните и реализираните проекти, Даниела Такева ги информираше присутните за резултатите од јавната анкета за собирање предлози за креирање на буџетот за 2023 година.

Прелози граѓаните од јавната анкета за буџетот се следниве:
- Поврзување на с.Вирче на водоводната мрежа;
- Изградба на кружни текови на главните крстосници во градот: кај Фротирка, кај маркет Скопјанка, пред мостот на р.Брегалница на ул.„М.М.Брицо" и на крстосницата со семафорите
- Да се направи паркинг и парк од десната страна на Булевар Македонија гледано од семафорите спрема Агенција за вработување;
- Изградба на детско игралиште и постојните да се реконструираат;
- Уредување на кејот;
- Пешачки патеки;
- Паркинг места;
- Повеќе спортски објекти за децата;
- Повеќе игралишта;
- Автобуска станица;
- Задолжително воведување за плаќање на паркинг во централното градско подрачје со што ќе се растерети центарот и хаотичното паркирање;
- Да се обрати внимание на хигиената во градот;
- Поставување на лежечки полицајци на неколку улици во градот ( Кеј на Брегалница, Вера Јоциќ, Кеј на ослободување)
- Игралишта за деца;
- Да се преземат мерки за градската депонија повеќе да не ги труе граѓаните на Делчево и околните населени места;
- Повеќе пари за инфраструктура;

- Поставување на засолниште или мал објект за планинарење на планината Голак;
- Да се распише повик за НВО и Спортски клубови;
- Општината да вложи повеќе средства за културни настани;
- Да се уреди влезот на градот од двете страни на булеварот.

По презентација на резултатите од анкетата следуваше кратка пауза пред отпочнувањето на вториот дел од форумот.

На вториот дел од форумот, учесниците можеа да одберат да работат и да креираат предлози за буџетот во една од следниве пет работни групи: 1.Социјални проекти; 2.Млади, култура и спорт; 3.Животна средина; 4.Образование и 5.Патна и комунална инфраструктура.

Откако секоја од групите заврши со работа и креирање на предлози за буџетот, ги презентираа избраните приоритети:

Приоритети од групата за социјална проекти

- Изградба на старечки дом во Делчево;
- Проект за енергетска ефикасност на детската градинка „Весели цветови“, односно замена на столарија, кров и да се стави изолација на истата;
- Објавување на Јавен повик од Општина Делчево за доделување финансиски средства за спортски клубови и НВО.

Приоритети од групата млади, култура и спорт:

- Да се направи Куќа на културата и во рамките на истата да бидат Градската библиотека, Центарот за култура, Музејот и да има канцеларии за здруженија како што е „Копачката“;
- Реконструкција на Спомен – дом АСНОМ;
- Отворање на музејот;
- Изградба на засолниште за планинари на планината Голак.

Приоритети од групата за животна средина:

- Одржување и уредување на дворната површина кај манастирот Св. Богородица Балаклија;
- Повеќе корпи за отпадоци во градската средина, особено кај спортските терени;
- Пошумување на потегот каде што беше пожарот, односно на планината Средна и околу с.Трабротивиште.

Проритети од групата за образование:

- Уредување и наменско користење на просторот над гимназијата „М.М.Брицо“ кој граничи со улица „Вера Јоциќ, односно иградба на парк или паркинг бидејќи истиот е почнато да се претвора во депонија;

- Да се осветли игралиштето над спортската сала кај М.М. Брицо;
- Целосна доградување на училишниот двор на училиштето Ванчо Прке почнувајки од задниот до главниот влез на училиштето со уредување на пешачката патека и одбележување на паркинг простор за автомобили;
- Замена на прозорците и влезните врати во подрачното училиште во с.Тработивиште;
- Уредување на училишниот двор во ОУ „Св.Климент Охридски“ од страна на спортската сала кон р.Габровчица;
- Поставување на фотоволтаици и котел за парно во спортската сала на ОУ.„Св.Климент Охридски“;
- Реконструкција на подрачните училишта во с.Тработивиште, с.Град и с.Разловци.
- Реконструкција и пренамена на просториите во зградата за основно образование на ОУ.„Св. Климент Охридски“ во Центар за подршка за остварување на индивидуални средби со учениците со попреченост;
- Поставување на сообраќајни знаци за забранетo паркирање на булеварите околу училишната зграда на ОУ.„Св. Климент Охридски“;
- Замена на парните котли и радијаторите во училиштето „Ванчо Прке“ со еколошко гориво за намалување на штетните гасови и заради заштеда на енергија од околу 35%;
- Фотоволтаична централа за целосно осветлување со замена на лед сијалици внатре во училиштето „Ванчо Прке.

Приоритети од групата за патна и комунална инфраструктура:

- Обезбедување на кампинг зона во околината на градот Делчево;
- Изградба на мост (пешачки или за моторен сообраќај) за спојување на населба Таушанско маало со Ново делчево;
- Доградба на канализација во с.Стамер и поставување на контејнери;
- Асфалтирање на улица со поставена канализација во с.Полето;
- Чистење на земјоделските патишта во селата (Драмче, Селник, Илиово, Бигла, Вратиславци, Турија);
- Уредување на просторот плоскави скали (изградба на улица и партер);
- Селски водовод, улица за асфалтирање во с.Вирче;
- Асфалтирање на патот за Филиска маала кон Драмче во должина од 4 км;
- Крпење на ударни дупки кон село Разловци;
- Поставување на лежечки полицајци на ул.Кеј на ослободување;
- Асфалтирање на патот кон селските гробишта во с.Тработивиште;
- Замена на азбестни цевки на вододводот во с.Тработивиште и изградба на краци од ул.Даме Груев, 5, 5А, 5Б, 7, 7А и 7б;
- Изградба на канализација и улица во с.Габрово;
- Организирано или зонско наплатно паркирање во градот;
- Реконструкција и доградба на водоводен систем во ТРЦ Голак;
- Уредување на Кејот од Бината во паркот до улица Индустриска.

Откако секоја од работните групи ги презентираше своите приоритети следуваше дискусија на која присутните изнесоа уште неколку предлози за вкучување во Буџетот на Општина Делчево за 2023 година и тоа:

- Изградба на селскиот водовод во с.Вирче
- При реконструкција на водоводот на улица „Солунска“ да се земе во предвид дека главната водоводна линија минува под семејните куќи на жителите, што може да доведе до настанување на одредени штети и за таа цел се предлага нејзино изменување;
- Реконструкција на оштетените улици при ископувањето на водоводот во с.Габрово;
- Изградба на канализација во с.Габрово;
- Пуштање на пат од местото викано „смрдлива вода“ до браната во с.Габрово и водоводни цевки со цел истата да биде чиста за пиење;
- Поставување на различни содржини кај местото „смрдлива вода“ со цел развивање на селскиот туризам;
- Асфалт на улицата кај местото плоскави скали во населба 1 реон и црево за вода;
- Изградба на капела за граѓаните од муслиманска вероисповед;
- Пополнување на дупките на патот Разловци – Тработивиште.
- Асфалтирање на патот за Филиска маала кон с.Драмче;
- Реконструкција на чешмата во Димовска маала, с.Бигла;
- Санирање на патот кај с.Турија;
- Кампинг центар за камиони и мотори и
- Изградба на државен старечки дом.

Форумот заврши во 14 часот

Записничар:М.Стојковска

Оверувачи на записник:

- Анка Христова

- Звонко Атанасовски

- Тони Стоименовски